

# Уште еден политичко-градителски „чир“ што владеја

**„КОЉО“ СТИЛ** - Владата на Никола Груевски очебијно сака да остави вековит споменик за своето владеење иницирајќи во метрополата нов архитектонски стил - франкенштајновски микс на неокласицистичката естетика од 18 век, што лажно се претставува како некакво си продолжување на „империјалната архитектура“ на античка Македонија, и урбанистичкото насилништво на омилениот хитлеров „архитект“ Албер Шпер



# ”Бермудскиот триаголник” на македонскиот „неокласицизам“

## ...чката ВМРО-ДПМНЕ ќе го всади во срцето на Скопје

ПИШУВА: НЕБОЈША ЈАКОНОВ
n.jakonov@globusmagazin.com.mk
ФОТО: ПЕТР СТОЈАНОВСКИ

Расправите околу уметничките стилови и, воопшто, околу значењето на „стилот“ на одредена историска епоха, на одредени развојни стадиуми на некое општество знаат, како што е познато, да бидат поприлично досадни, јалови и формализирани. На времето, на пример, „учените“ и по прашањата на стил култивираните европејци се отепале расправајќи што тоа сакал да каже знаменитиот Хајнрих Волфлин, еден од „татковците“ на научно фундираната историја на уметноста и голем познавач на „класичниот“ уметнички израз, кога во една од своите дебели книги пишувал за „питагорејски идеалниот триаголник“ што може да се исцрта меѓу препоните на Давид на славниот Микеланѓело. Не велиме дека име некаква коинциденција, но еве деновиве и нашиве „букефалисти“ и „класицисти“ собрани околу премиерот Никола Груевски и владеачката гарнитура на ВМРО-ДПМНЕ нè изненадија со еден „триаголник“, овој пат исцртан на „чатијата“ на новиот голем владин инвестициски и градителски потфат што минатата недела ни беше обзнането дека наскоро ќе никне во срцето на Скопје. Станува збор, нели, за новата импозантна зграда на левиот брег на Вардар, пред објектот на „Комерцијална банка“, чиј камен-темелник беше свечено положен минатиот понеделник своерачно или „своелопатно“ од страна премиерот, деновиве „турбо“ ангажиран во активности на „шалување“ темели на разно-разни објекти и зданија, кои власта широкоградо и нештетејќи го државниот буџет, густо ги „расејува“ овде онде ширум државава (а што, нормално, нема никаква врска со изборите).

Како што разбравме, патем, во овој маркантен и прилично габаритен објект, кога ќе биде завршен (велат по 26 месеци и по потрошени една ипол милијарда денари буџетски пари), ќе се всели Уставниот суд на Република Македонија, но и „ганц“ нов Археолошки музеј, како и Државниот архив кој, нормално, одамна ги надрасна просторните капацитети на својата постоечка зграда откако му се стави во задача со што повеќе архивски документи да исцрта една нова, овој пат вистинска, „нелажирана“ историја на македонскиот народ (та нели директорот на Архивот Зоран Тодоровски се „згрбави“ носејќи купишта граѓа од бугарските архиви велејќи дека таа ќе фрли нова светлина не само, ете, на биографијата на Крсте Петков Мисирков, ами и на целокупната наша историја).

■ **НОВИТЕТИ** Сè на сè, значи, најавени ни се голем број нови работи (од нови градби, нови институции до „нова“ историја и минато), арно ама - како што им беше сликовито предочено на скопјани со помош на еден гигантски билборд (поголем и од оние на Ѓорге Иванов) што како сценографски детал ја украси приредбата на поставувањето на камен-темелникот - сите тие „новитети“ ќе бидат спакувани во „неокласицистички“ архитектонски дизајн кој, како објасни авторот на проектот, архитектот Слободан Живковски, нескриено и недвосмислено се потпира на знаковноста на архитектурата од „империјалниот период“ на античка Македонија, демек од времето на и непосредно по Александар Македонски и неговиот епохален поход на воено покорување на светот. Како и да е, се доби, сепак, впечаток дека погледот фрлен на веќе споменатиот „триаголник“, што, како видовме, импозантно ќе го надвисува централниот дел на новото здание (стручно тој триаголник се нарекува „тимпанон“), како да збуни многумина на кои, нели, познавањето на стилските карактеристики на архитектонскиот класицизам и неокласицизам, главно, им се темелат на шопинг екскурзиите во Атина, и на кои новиот „Уставен суд“ што ќе ни го подари Груевски многу им заличе на познатите ведути од атински Акропол. Кажано поинаку, многумина пораката на авторот Живковски за „враќање на нашите корените“ и во архитектонска смисла погрешно ја протолкуваа во духот на оној славен Црногорец - кој своевремено со горливи пароли и изјави патриотски го мотивираше резервистичкиот башибозук на ЈНА при нападите на Дубровник – дека еве и ние Македонците, во оваа наша епска битка со соседите Грци, сме решиле да изградиме нов и поубав Партенон.



Секако, она главното прашање што само по себе се наметнува од сето погоре изложено е тоа како актуелнава „македонска цивилизација“ - демек оваа денешнава, оваа олицетворена во стани-пани државичкава што единствено ја имаме – се најде во ситуација дури и темата на дефинирање на сопствен архитектонски стил, на сопствена стилска „парадигма“ да може да биде протолкувана само како мала „епизода“ во бескрајното надмудрување и „развлекување на питата“ во фамозниот спор околу името на нашата држава што го водиме со Грција. Што ќе рече, како е возможно прашањето каков (конечно) генерален изглед ќе добие со децении урбанистички запустениот центар на македонската метропола да ни прозвучи, да ни заличи на една од оние бројни дипломатски „крипто“ пораки што владата на Никола Груевски, во стилот топло-ладно, во последно време фрекфентно ги испраќа до грчката администрација и до министерка за надворешни работи Дора Бакојани (но и до сите останати „фактори“ на еден или друг начин зашенани во овој, како обично велиме, „билатерален“ спор) било во форма на ненадејни и ненајавени преименувања на аеродроми и автопатишта било како закани дека, ако многу нè лутат, ќе истопориме „мастодонтски“ споменик на Александар Велики (сосе Букефал) среде Скопје кој ќе биде поголем дури и од митскиот „Колос“ што своевремено го надвисувал пристаништето на Родос. Да биде работата позагрижувачка тука е и енигмата, нели, како архитектите, археолозите, историчарите, а богами еве сега и уставните судии, се најдоа да бидат непосредни учесници и партици-






**„Изработена“ парцела**
Авторот на скопскиот „Бритиш Мјузиум“ Слободан Живковски (лево) и градоначалничката Аларова

пиенти во овој стилско-идеолошко-политички експеримент што - тоа сега белким им станува јасно на сè поголем број луѓе во оваа земја - во последниве три години на свое владеење здушно го бутка врхушката на ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот партиски лидер Никола Груевски.

„Сè е стил и сè е порака“ говореја пред дваесетина, триесетина години структуралистите. Некои можеби во тој клуч ќе го протоклуваат и фактот како еден, горе- долу еминентен архитект во своите креативно зрели години (ако ништо друго познат меѓу скопската „раја“) да се најде во ситуација, да не кажеме во стапицата неговиот, од аспект на стил и на уметнички израз, сосема легитимен обид да размислува на темата неокласицизам (та нели сме во пост-модерна фаза која, бришејќи ги некогашните уметнички „мета-нарации“, на архитектите им отвора пат слободно да кокетираат со било кој стилски идиом што било кога во историјата и било каде на планетава бил користен од човечката цивилизација) оние околу него, или барем дел од нив, да го „прочитаат“ (и тоа не без основа, најмалку барем поради „контекстот“) не во духот на архитектонското творештво, да речеме, на еден Андриа Паладио (од кого, велат, потекнал неокласицизмот), на еден Карл Шинкел (авторот на „Алтес мусеум“ во Берлин) или на еден сер Роберт Смирк (на чија јонска колонада од славниот Бритиш мјузиам, наводно, стилски навевало и зданието на Слободан Живковски), туку како „авторство“ во рамки на една „дворска архитектура“ на експандирачкиот „груевизам“ што, лека-полека, како да ги зафаќа сите пори на ова општество, а што, пак, именуваниот господин Живковски го сведува, евентуално, на минорниот (и во естетска и во секоја друга смисла) габарит на еден друг „архитект“ - на омилениот „градител“ на Хитлер Алберт Шпер.

**„ГОТИКА“** Сè е демек во „стилот“, ама во нашиов случај како да станува збор пред сè за стилот на Груевски и на „груевизмот“ кој, очигледно, ако се држиме до архитектонските одредници, како веќе ги премавнува стилските постулати на „постомодерната“ (сè е естетски легитимно) и полека небаре како да оди накај некоја нова, оновремена со ништо ограничена „цветната готика“ во која, во поглед на „општественото инженерство“, ама баш сè е и дозволено и возможно. Еве на пример тоа обичен човек, да не речеме обичен граѓанин, да не може да си одгатне кога и на кој конкурсен тендер проектот на Живковски победил и го стекнал правото да стане еден од градителските симболи на Скопје (ние и покрај сите наши напори, секако во рамки на по сопствените нерви разумна „настојчивост“, не успеавме да го дознаеме тој податок од некое од „официјалните“ места). Говориме, имено, за тоа дека оваа градежна „маркичка“ исполнителната градоначалничка на Центар Виолета Аларова и Советот на оваа општина ја „интерполираа“ во ДУП-от на таканаречениот „Мал ринг“ (најцентралното градско подрачје) некаде во половината на минатата година, за потоа истите тие Аларова и советници од Центар сè до декември минатата година на новинарите да им велат дека „никој до сега не превзел никакви активности околу споменатата маркичка“, а за ете сега веќе во март сите да се осведочиме дека некој богами бајги работел на „случајот“.

Живковски, како што рековме, не е и единствениот во случајов кој е фатен во „шемите“ на „груевистите“ бидејќи исто, на пример, може да се каже дури и за уставните судии (заедно со 30-тината луѓе кои вкупно се вработени во оваа институција), кои небаре без нивна волја (една колешка вели тие се „колатерални добитници“ во приказнава) од кирации во „дерутниот“ Работнички дом станаа главните газди во новиот репрезентативен објект, она навистина, како што тврдат оние поупатените, само затоа за да се задоволи формалниот услов владата, односно нејзината Служба за општи и заеднички работи, да стане главен инвеститор на градбата иако, нели, во објектот најголемиот дел од „квадратурата“ ќе им припадне на Државниот архив и на новиот Археолошки музеј, институции кои, „формациски“ барем, потпаѓат под Министертвото за култура (кој ќе го знае, можеби ваквото решение произлегува од тоа дека престојничката на споменатото министерство Елизабета Канчева Милевска во претходниот период претерано се беше експонирала во рамки на крупните инвестициски зафати и потфати на владата на Никола Груевски).

Да се вратиме, сепак, на крајот на нашиот фамозен „триаголник“ од идниот ни наш скопски Партенон, Бритиш мјузеум и „Алтес музеум“ (сè заедно). Да ја спомeнеме, патем, уште еднаш и Волфлиновата теорија за „питагорејската“ заснованост на класичните архитектонски редови. Можно ли е, значи, „груевизмот“, на крилата на, како што се тврди, сеопштата поддршка од страна на „народот“, на крајот навистина да еманира и сопствен „историски стил“? Би рекле многу тешко. Зошто? Па затоа оти „тријаголникот“ што сега ни го нудат Слободан Живковски и неговите „работодавачи“ ама баш никогаш нема да стане - „тимпанон“. Понапред, ако работите продолжат вака како што тргнале, тој ќе се престори во некаков наш гео-политички, историски и цивилизациски „бермудски триголник“ од кој никогаш веќе не ќе можеме да се извлечеме слично како оние „проколнати“ бродови што наводно, според славната легенда, од необјасниви причини засекогаш исчезнале во истоимениот триаголник во северозападниот дел на Атлантикот. ■

**ТРИКОВИ**

**Како во една мала урбанистичка „маркичка“ волшебно може да се смести цел „космос“ на државни институции: Уставен суд, Државен архив, Археолошки музеј**